Сузана МИОВСКА-СПАСЕВА

УДК: 373.3(497.7:73)

# ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА И САД : компаративна анализа на целите, организацијата и курикулумот

***Кратка содржина***

*За унапредување на образованието во Република Македонија од исклучителна важност е познавањето на другите образовни системи. Во трудот се прави компарација на актуелната ситуација во основното образование во Македонија со онаа во САД како земја на еден од највлијателните образовни системи во светот. Главното внимание е насочено4 кон компарирање на три фундаментални аспекти на основното образование: принципите, целите и приоритетите, организацијата на училишниот живот и курикулумот. Анализата на секој од нив се темели на статистички податоци, програмски документи и лични опсервации на авторката.*

***Клучни зборови:*** *ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ, ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ, ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ, КУРИКУЛУМ.*

Уште од дамнешни времиња патувањата во другите земји и собирањето податоци за образованието во нив се придружени со интересот за компарирање на своето со другото, за утврдување на сличностите и разликите меѓу нив. Крајната цел што со тоа се настојува да се постигне е најчесто една - унапредување на училишниот живот и воспитно-образовната практика во својата земја. Начинот на кој ја остварувале оваа цел компаративистите во минатото е различен. Дескриптивните компаративисти од втората половина на XIX век, на пример, тоа го прават со позајмување на туѓите позитивни искуства и практика и со нивно директно вградување во домашниот образовен систем. Подоцнежните компаративисти, пак, приоѓаат со поголема внимателност кон културното и образовното позајмување, истакнувајќи ги на преден план националниот карактер на образованието и потребата од негово зачувување. Во секој случај, неспорно е мислењето дека компаративното проучување на образованието претставува моќно средство за меѓусебно запознавање на народите и државите и за негување на разбирањето меѓу нив, но и инструмент за реформа и унапредување на домашното образование.

Поаѓајки токму од уверувањето дека за успешно градење на националниот образовен систем е неопходно да се познаваат проблемите и решенијата што ги имаат и нудат другите држави, ќе направиме куса компаративна анализа на американското и македонското основно образование, користејќи ги, притоа, како критериуми за споредба принципите, целите и приоритетите на американското образование, организацијата на училишниот живот и основношколскиот курикулум.

## 1. Принципи, цели и приоритети

САД и Република Македонија се држави што се различни по историското и културното наследство, како и по многу параметри што се однесуваат на современата состојба: големина, број и структура на населението, економската развиеност и финансиската моќ, политичкиот систем и влијание:

- САД се четврта земја по големина во светот. Македонија е голема колку Вермонт, една од помалите држави во САД.
- САД се трета најнаселена држава во светот. Македонија има број на жители едвај колку еден поголем американски град (Филаделфија, на пример).
- САД се индустриски и економски најразвиена држава во светот. Македонија е земја во развој, оптоварена со голем процент на сиромаштија и невработеност, која има годишен буџет колку што е буџетот со кој годишно располага еден американски универзитетски кампус [1].
- САД се една од политички најмоќните и највлијателните држави во светот. Македонија се уште се соочува со отворени политички прашања и се бори за членство во Европската унија.

---

[1] Така, на пример, буџетот на Република Македонија и на Универзитетот Јужен Илиноис во Карбондејл, Илиноис (Southern Illinois University Carbondale, Ilinois), во 2006 год. беше приближно ист.

| | **САД** | **МАКЕДОНИЈА** |
|---|---|---|
| *Површина* | 9 363 520 км2 | 25 713 км2 |
| *Број на жители* | 302 841 000 | 2 047 197 |
| *Државно уредување* | сојузна држава (50 држави и една федерална област) | унитарна држава |
| *Структура на население* | бело население: 83,4%<br>црно население: 12,4%<br>азиско население: 3,3%<br>староседелско население: 0,8% | Македонци: 64,18%<br>Албанци: 25,17%<br>Турци: 3,85%<br>Роми: 2,66%<br>Срби: 1,78%<br>Босанци: 0,84%<br>Власи: 0,48% |
| *БДП по жител* | 37600 $ | 2398 $ |
| *Просечна плата* | 47602 $ годишно<br>3967 $ месечно | 14586 ден. месечно (~320$) |
| *Стапка на невработеност* | 4,6% | 34,5% |
| *Неписмено население* | 0,5% | 3,85% |

*Извори:* Bureau of Labor Statistics, 2005; Education at a Glance 2005, OECD Briefing Note per United States; MMF, World Economic Outlook, april 2008; Државен завод за статистика, 2007; Министерство за финансии; Статистички годишник, 2004.

Овој различен општествен контекст, секако, се рефлектира и врз современата состојба на образованието во двете земји, што придонесува образовниот систем во САД и во Македонија значително да се разликуваат во однос на повеќе аспекти:

| | САД | МАКЕДОНИЈА |
|---|---|---|
| *Задожително образсвање* | 10-12 год.<br>(5/6/7-16/18 год.) | 12/13 години<br>(6-18/19 год.) |
| *Опфат по нивоа на образование* | предучилишно восп. и образование: 61%<br>основно образование: 98%<br>средно образование: 88%<br>високо образование: 27% | предучилишно восп. и образование: 18,67%<br>основно образование: 97,11%<br>средно образование: 69,5%<br>број на студенти на 100 000 жители: 2212 |
| *Буџет за образование* | 5,3% од БНП | 3,49% од БДП |
| *Рапределба на буџетот по нивоа на образование* | основно и средно образование: 68,65%<br><br>високо образование: 26,41% | основно образование: 59,15%<br>средно образование: 22,66%<br>високо образование: 12,46% |

*Извори*: Unesco Institute for Statistic, 2006; U.S. Department of Education, National Center for Education Statistics, The Condition of Education 2007; Државен завод за статистика, 2002; Министерство за финансии на РМ, 2004.

И состојбата во основното образование покажува значителни разлики во статистичките показатели:

| | САД | МАКЕДОНИЈА |
|---|---|---|
| *Опфат во основно образование* | 98% | 97,11% |
| *Училишна мрежа* | државни ОУ: 67291<br>приватни ОУ: 23494 | општински ОУ: 1005<br>специјални (државни) ОУ: 45<br>ОУ за возрасни: 16 |
| *Ученици* | 34 900 000 (PreK-8)[1] | 235 185 |
| *Наставен јазик* | англиски јазик | македонски јазик: 748 ОУ<br>албански јазик: 286 ОУ<br>турски јазик: 60 ОУ<br>српски јазик: 8 ОУ |

*Извори:* National Center for Education Statistics, Digest of Education Statistics, 2007; Државен завод за статистика на РМ, 2007.

Современите образовни системи во САД и Македонија имаат повеќе заеднички темелни принципи и приоритети врз кои се засновува работата на основните училишта во двете земји. Меѓу нив се вбројуваат:

- законски гарантирано право на основно образование;
- еднаков пристап до квалитетно образование за сите ученици, без разлика на полот, социјалниот и економскиот статус, расната/етничката и верската припадност, како и на способностите;
- бесплатност и задолжителност на основното образование;
- општообразовен карактер на основното образование како основа за понатамошно школување;
- мултикултурност во содржините и работата на основните училишта заради промовирање вредности за заедничко живеење, развивање толеранција, почитување на разликите меѓу луѓето и нивната култура, јазик и традиции;
- образовна инклузија, односно вклучување на учениците со посебни образовни потреби во редовните паралелки на основните училишта и работа со нив врз основа на индивидуален образовен план;
- партнерство меѓу училиштето, родителите и локалната заедница, што значи активно учество на родителите во донесувањето одлуки во училиштето и во планирањето и реализацијата на училишните активности, како и нивно поврзување со животот во локалната заедница;
- контрола на квалитетот на образованието преку постојано следење и проверка на степенот на исполнување на националните стандарди за квалитет и преку екстерно оценување на учениците, наставниците и раководниот персонал.

За разлика од првите приоритети што се темелни одредници на нашето основно образование, кои се законски санкционирани уште од почетоците на македонската држава, последните четири приоритети ги одразуваат заложбите во земјата за следење на глобалните реформски трендови во образованието, кои во голема мера ги диктира и образовната политика на САД. Мултикултурноста, инклузијата, тесната поврзаност на училиштето со родителите и средината се задачи на кои им се обрнува големо внимание во реализацијата на воспитно-образовната работа во американските училишта, а кои се истакнуваат како приоритети и во регулативата на македонското образование. Во последниот сегмент на заедничките основи, обезбедувањето контрола на образованието, го евидентираме, веројатно, најголемото доближување на приоритетите на

македонското основно образование до оние на американското. Основните постулати на последниот закон за основно и средно образование во САД (No Child Left Behind, 2001), кои ја обележуваат работата на американските училишта во последната деценија, сега на голема врата влегуваат и во македонската законска регулатива и во воспитно-образовната работа на училиштата, донесувајќи речиси иста терминологија и во јазикот на нашето образование: стандарди, постигнувања, индикатори на успешност, дескриптори, компетенции, ефикасност, одговорност. Механизмите на пазарната економија се повеќе стануваат доминантни и во македонското образование, а контролата, следењето и оценувањето на постигнувањата на учениците, на работата на наставниците и на квалитетот на училиштата стануваат една од приоритетните задачи и на македонската законска регулатива и се поизразена одговорност и притисок за наставниците и вработените во македонските основни училишта.

## 2. Организација на училишниот живот

Основните училишта во САД и во Македонија немаат идентична организација, но сепак можат да се идентификуваат и повеќе заеднички елементи:

- Школувањето почнува најчесто на возраст од 6 години.
- Учебната година го покрива приближно истиот период и има исто времетрање.
- Наставната воспитно-образовна дејност опфаќа редовна настава по предмети и области, како и дополнителна и додатна настава.
- Училиштата и во двете земји располагаат со фискултурни сали и со кабинети по одделните предмети.
- Часовите се временски ограничени.
- Присутни се комбинираните паралелки.
- Со помалите ученици најчесто работи еден наставник на кој му помагаат неколку други.
- Соработката со родителите се остварува на редовни родителски состаноци и на неформални средби во училиште.

- Речиси секој наставник изготвува правила на однесување во училница.

| | **САД** | **МАКЕДОНИЈА** |
|---|---|---|
| *Почеток на школувањето* | 5-6-7 год. | 6 год. |
| *Модели на организација* | K+8, PreK-1+3+4, K+2+4, 5+3 | единствено ОУ со три периоди: 3+3+3 |
| *Времетраење на учебната година* | август/септември -мај/јуни | 1 септември - 31 август |
| *Број на работните денови* | 180, со тенденција на зголемување | 180 |
| *Организација на годишната работа и програма* | три тримесечја | две полугодија |
| *Времетраење на работниот ден* | целодневна настава: 8h (8:30)-15h (15:30) | целодневна настава: 7h (8:00)-15 h (16:00) полудневна настава: (18-34 неделно) |
| *Број на ученици во паралелка* | државни ОУ: 15,3 приватни ОУ: 13 | 24-34 |
| *Времетраење на наставниот час* | 30/42/45/ 60 мин. или без временско ограничување | 40 мин. |

Компаративната анализа на организациската поставеност на основните училишта во двете држави овозможува идентификување и на повеќе разлики:

- Македонското основно училиште е единствено и ги опфаќа сите деца на возраст од 6 до 15 год., додека пак во САД, поради децентрализираноста на образованието, нема единствен модел на основно училиште ниту по времетраењето на школувањето, ниту по внатрешната распределба на работата и програмите.
- Наставата во американските училишта се изведува со помал број ученици отколку во македонските, што е резултат на просторните и кадровските можности на училиштата, кои пак, од своја страна, ја одразуваат финансиската моќ на обласста и државата во која се наоѓаат.

| ***Просечен број на ученици во паралелка** (Илиноис)* | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **одд.** | **K** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** |
| | 20,9 | 21,5 | 21,6 | 22,1 | 22,9 | 23,4 | 23,4 | 22,6 | 22,7 |

Извор: Illinois District Report Card 2006.

- Во основните училишта во САД има поголема флексибилност на наставата во однос на временската распределба на активностите, додека во Македонија времетреењето на часот е законски регулирано и еднакво за сите основни училишта во државата.
- Работниот ден во државните училишта во САД се остварува исклучиво како целодневен престој за сите одделенија, а во Македонија покрај целодневната настава, односно т.н. продолжен престој што се организира за учениците од пониските одделенија (I-V одд.), се дава можност и за покус престој во училиште или, популарно наречено, класична настава, која многу често поради просторните ограничености на училиштето се остварува во две или три смени.
- Различните финансиски можности на двете земји се согледуваат и во функционалноста на училишните згради и нивната опременост: американските училишта се посолидни градби и подобро опремени од македонските со инвентар, со книги (богат библиотечен фонд), со компјутери (компјутерски училници и компјутери во секоја училница) и со други наставни помагала (телевизор, ДВД, а во побогатите училишта има и електронски табли и интерна телефонска линија во секоја училница). Во Македонија инфраструктурните капацитети и опременоста на училиштата се се уште на незадоволително ниво, особено во помалите и понеразвиените општини.
- На американските основци што живеат на повеќе од 1,5 милји (2,5 км) оддалеченост од училиштето им се обезбедува бесплатен автобуски превоз до училиштето и назад, кој е организиран од страна на локалната училишна област. Во Македонија ваква можност за првпат добија основците запишани во учебната 2008/09 год., доколку живеат најмалку на два километри оддалеченост од најблиското основно училиште. Оваа учебна година за првпат правото на бесплатен превоз без никакво ограничување го добија и децата со посебни образовни потреби.
- Американските ученици добиваат бесплатни учебници што ги користат во текот на годината, а македонските ученици се уште ги купуваат своите учебници. Македонската држава во учебната

2008/09 година обезбеди бесплатни учебници само за социјално загрозените ученици, а од следната година се предвидува обезбедување бесплатни учебници за сите ученици.

- И американските и македонските ученици плаќаат приближно иста сума за оброците што ги имаат во училиште (појадок, ручек, ужина). Меѓутоа, со оглед на разликата во платите што ги имаат граѓаните во двете земји, цената што ја плаќаат Американците за нив е симболична (посиромашните се ослободени од плаќање), а во Македонија таа претставува приближно 13% од просечната плата во државата.
- Во американските училишта е многу повеќе изразена волонтерската работа на родителите за време на наставата, како и во воннаставните активности во училиштето. Интересот на родителите постојано се стимулира, а начинот на кој се организира нивното учество во работата е грижливо испланиран и доследно спроведен.

Во целина гледано, организациската поставеност на училишниот живот во САД и Македонија е внимателно осмислена и се темели на важечката законска регулатива во земјата/државите што во одредени сегменти носи различни решенија. Она што е особено забележливо е дека американските ученици имаат далеку подобри просторни и материјално-технички услови за работа и поголеми финансиски бенефиции во поглед на трошоците за нивното школување. Оваа основа, заедно со традиционално развиеното волонтерство и учество на локалната заедница во животот на американското училиште, овозможува создавање широка мрежа на училишни активности, која е многу поразгранета од онаа во македонските училишта. Предност на американското основно образование е и богатата продукција на пишуван материјал што го обезбедува училишната област, училиштето и/или наставниците (прирачници, брошури, водичи, известувања), а кој е наменет за учениците, родителите и пошироката јавност заради нивно запознавање и активно учество во животот и работата на училиштето. Имајќи го сето тоа предвид, училишниот живот во САД се карактеризира со организација, која претставува драгоцено искуство и за унапредување на македонското основно образование.

### 3. Курикулум

Наставните планови и програми и во двете држави се во компетенција на државата, со тоа што кога станува збор за САД, не се мисли на федералната држава, туку на секоја од педесетте држави што ја сочинуваат. Во САД државите утврдуваат насоки и стандарди што произлегуваат од федералната законска регулатива, а со кои се дефинираат наставните планови на основното образование, што потоа се разработуваат во наставни програми од страна на локалните просветни власти, односно училишните одбори. Во Македонија, пак, министерот за образование ја утврдува Концепцијата за основно воспитание и образование, врз основа на која се носат наставниот план и програми за основното образование.

И во двете земји влијанието во однос на курикулумот државата го остварува и преку:

- учебниците - државата ги пропишува критериумите што треба да ги задоволи еден учебник за да може да се применува и/или одобрува листа на дозволени учебници од кои локалните училишта можат да избираат;
- националните тестирања за мерење на постигнувањата на учениците.

За разлика од Македонија, во определувањето на курикулумот во САД значаен удел имаат и локалните училишни одбори. Тие во согласност со државните стандарди ги дефинираат наставните планови и програми и ги определуваат учебниците што ќе се користат во училиштата, при што внимание се обрнува и на потребите и можностите на локалната средина. Во Македонија, иако со започнатиот процес на децентрализација на образованието единиците на локална самоуправа добија поголеми овластувања во однос на управувањето, раководењето и финансирањето на основните училишта, сепак курикулумот и натаму остана во надлежност на државата, што значи дека македонските основци насекаде учат по исти наставни планови и програми. Одлучување на локално ниво се дозволува само при изборот на учебници, бидејќи иако Министерството ги одобрува учебниците што можат да се користат во наставата, одлуката за избор на учебник по секој наставен предмет од каталогот на одобрени учебници ја донесува училиштето.

| ***Време посветено на настава по главните предмети (core subjects)*** *(во минути на ден)* *(стандарди на Илиноис, САД)* | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | англиски јазик/ јазични вештини | | | математика | | | природни науки | | | општествени науки | | |
| **одд.** | **3** | **6** | **8** | **3** | **6** | **8** | **3** | **6** | **8** | **3** | **6** | **8** |
| | 145 | 105 | 93 | 58 | 53 | 51 | 31 | 43 | 44 | 31 | 43 | 45 |

Извор: Illinois District Report Card 2006.

Во однос на предметите што се изучуваат во основните училишта во двете земји, можат да се направат повеќе паралели[2]:

- Наставата е предметна, а предметите се задолжителни и изборни.
- Најголемо внимание од задолжителните предмети се посветува на македонскиот/англискиот јазик, за што сведочи најголемиот фонд на часови, односно временска застапеност, што и во двете држави има тенденција за благо намалување во повисоките одделенија. Притоа, американските ученици посветуваат многу повеќе време на изучување на јазикот отколку македонските ученици (2-3 часа дневно во Илиноис наспроти 1-2 часа дневно во Македонија). Освен тоа, за разлика од Македонија, каде што јазичната настава се остварува секогаш интегрирано во еден предмет, во САД таа може да се диференцира во одделни предмети: читање, спелинг, пишување. И во двете земји овој вид настава се остварува и како македонски/англиски јазик за учениците од другите заедници (во САД се среќава именувана како ESL (Eglish as a Second Language), а во македонските основни училишта на овие ученици им се гарантира и правото за учење на својот мајчин јазик (албански, турски или српски).

---

[2] Во компаративната анализа на овој сегмент ќе се задржиме само на податоците што се однесуваат на државата Илиноис и на посетените училишта во најзиниот јужен регион.

## Наставен план за деветгодишно основно образование во РМ

| Наставни предмети | ОДДЕЛЕНИЕ | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
| *Задолжителни предмети* | н | г | н | г | н | г | н | г | н | г | н | г | н | г | н | г | н | г |
| Македонски јазик<br><br>За учениците од другите заедници нивниот мајчин јазик: албански, турски, српски | 6 | | 6 | | 6 | | 5 | | 5 | | 4 | | 4 | | 4 | | 4 | |
| Македонски јазик за учениците од другите заедници | - | | - | | - | | 2 | | 2 | | 3 | | 3 | | 2 | | 2 | |
| Математика | 4 | | 4 | | 4 | | 4 | | 4 | | 4 | | 4 | | 4 | | 4 | |
| Англиски јазик | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | | 3 | | 3 | |
| Втор странски јазик | | | | | | | | | | | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | |
| Ликовно образование | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | | 1 | | 1 | | 1 | | 1 | |
| Музичко образование | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | | 1 | | 1 | | 1 | | 1 | |
| Запознавање на околината | 2 | | 3 | | 3 | | | | | | | | | | | | | |
| Техничко образование | | | | | | | 1 | | 2 | | | | | | | | | |
| Информатика | | | | | | | | | | | 2 | | 1 | | | | | |
| Општество | | | | | | | 2 | | 2 | | | | | | | | | |
| Географија | | | | | | | | | | | | | 2 | | 2 | | 2 | |
| Историја | | | | | | | | | | | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | |
| Граѓанско образование | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | 1 | |
| Природа | | | | | | | 2 | | | | | | | | | | | |
| Природни науки | | | | | | | | | 2 | | | | | | | | | |
| Природни науки и техника | | | | | | | | | | | 3 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Биологија | | | | | | | | | | | | | 2 | | 2 | | 2 | |
| Физика | | | | | | | | | | | | | | | 2 | | 2 | |
| Хемија | | | | | | | | | | | | | | | 2 | | 2 | |
| Физичко и здравствено образование | 3 | | 3 | | 3 | | 3 | | 3 | | 3 | | 3 | | 3 | | 3 | |
| Вкупно за задолжителни предмети | 21 | | 22 | | 22 | | 23 (25) | | 23 (25) | | 24 (27) | | 24 (27) | | 29 (31) | | 29 (31) | |
| Број на пред-мети | 7 | | 7 | | 7 | | 10 | | 10 | | 11 | | 12 | | 14 | | 14 | |
| *Изборни предмети* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Јазик и култура на Власите | | | | | 1 | | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | |
| Јазик и култура на Ромите | | | | | 1 | | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | |
| Јазик и култура на Бошњаците | | | | | 1 | | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | |
| Албански јазик | | | | | | | | | | | 2 | | 2 | | 2 | | 2 | |
| Творештво | | | | | | | 1 | | 1 | | | | | | | | | |
| Запознавање на религиите | | | | | | | | | | | 1 | | 1 | | | | | |
| Етика | | | | | | | | | | | 1 | | 1 | | | | | |
| Други изборни предмети | | | | | | | | | | | | | 2 | | 2 | | 2 | |
| Вкупно за изборни пред-мети | | | | | 1 | | 1-2 | | 1-2 | | 1-2 | | 1-2 | | 1-2 | | 1-2 | |
| Часови за учениците со тешкотии во учењето | | | | | 1 | | 1 | | 1 | | 1 | | 1 | | 1 | | 1 | |
| Дополнителна и додатна настава | | | 1 | | 1 | | 1 | | 1 | | 1 | | 1 | | 1 | | 1 | |
| Час на одделенската заедница | | | 1 | | 1 | | 1 | | 1 | | 1 | | 1 | | 1 | | 1 | |

Извор: Биро за развој на образованието, 2008/09 (http://www.bro.gov.mk/)

- Еден од главните задолжителни предмети и во двете земји е математиката, која во Македонија се изучува со идентичен фонд на часови во сите одделенија (четири часа неделно), а во САД со нешто поголема временска застапеност (скоро 60 мин. дневно).
- Природната и општествената група предмети се трети по важност и во двете земји, по јазичната настава и математиката. Тоа се согледува и по временската застапеност на содржините од овие предмети, а во САД - особено преку националните тестирања што задолжително се вршат и во областа на природните науки, а се повеќе и во областа на општествените науки. Во САД овие содржини се изучуваат, главно, како интегрирани содржини (sciences, social sciences), а таа тенденција се евидентира и во најновиот наставен план за деветтолетката во Македонија: запознавање на околината (I-III одд.), природа (IV одд.), природни науки (V одд.), општество (IV, V одд.), природни науки и техника (VI одд.). Освен географијата како посебен предмет што започнува да се изучува од VI одд., диференцирани предмети од природната група предмети (биологија, физика и хемија), односно од општествената група предмети (историја, граѓанско образование) македонските основци изучуваат само во последниот период (VII-IX одделение). И во однос на временската застапеност на овој вид настава не се забележуваат поголеми разлики во САД и во Македонија: приближно еднаков фонд на часови со кој се изучуваат природните и општествените науки и приближно еднаква временска застапеност на секој од предметите во рамките на групата.
- Со најновата законска регулатива и со официјалните документи и агенди за развој на образованието во САД и во Македонија, во последните години големо внимание му се придава на изучувањето на странските јазици. Во САД се вложуваат значителни федерални средства за финансирање програми за зајакнување на изучувањето на странските јазици во државата (National Security Language Initiative). Во Македонија се интензивира наставата по странски јазици преку воведување задолжително изучување англиски јазик од прво одделение и втор странски јазик од петто одделение.
- Во САД компјутерската писменост веќе подолго време претставува составен дел на изучувањето на одделните предмети и на работата

во училиштата. За тоа има и соодветна материјално-техничка основа, бидејќи речиси сите американски училишта располагаат со компјутерска опрема и училници. Една од приоритетните задачи на македонската држава во областа на образованието е и создавање услови за развој на информатичко општество преку засилено воведување на новата информатичка технологија во образованието. Во основното образование интензивирањето на компјутерската писменост се остварува преку опремување на училиштата со компјутери и преку нивно поголемо користење во наставата (во тек е спроведување на акцијата на Министерството за образование и наука на РМ *Компјутер за секое дете*).

- Физичкото, музичкото и ликовното воспитување се предмети што се со најмала застапеност во задолжителните содржини на основното образование во двете земји - македонските основци ги изучуваат 2 до 3 часа неделно, а американските ученици (во Илиноис) уште помалку. Тоа произлегува од фактот што и САД, веќе подолго време, а се повеќе и Македонија, се првенствено фокусирани на остварување стандарди во областа на јазикот, математиката и природните науки, а содржините што не се во директна функција на поголема компетитивност на општеството се ставаат во втор план. Меѓутоа, во последно време и во двете држави е се поприсутно мислењето за неоправданото и недозволивото занемарување на уметноста и физичкото и здравственото воспитување како значајни аспекти на развојот на личноста.
- Во наставните планови на основните училишта во двете земји покрај задолжителните се нудат и изборни предмети. Во САД нивниот број е поголем и учениците имаат можност за избор на предмети од академска природа, но и на вештини што им се потребни во животот. Во македонската деветтолетка изборните предмети се сведени на јазиците на различните етнички групи (Власи, Роми и Бошњаци), веронауката и историјата на религиите, а со Концепцијата за деветтолетката во последниот период (од VII до IX одд.) се предвидуваат и други изборни предмети што ќе се изучуваат со по два часа неделно (зајакнато изучување на странските јазици, нашата татковина, воспитание за околината, истражување на родниот крај, танци и народни ора, проекти од

музичката или ликовната уметност, техничко образование, проекти од информатиката, изборен спорт, унапредување на здравјето, класична култура во европската цивилизација, вештини за живеење) (Стојановски, 2007, 84). Сепак, досегашните искуства од реализацијата на новиот наставен план во основните училишта во Македонија покажуваат дека изборните предмети повеќе служат како надополнување на фондот на часови на наставниците, отколку како вистинска можност за следење на ученичките афинитети и интереси.

Со донесувањето на најновите документи за унапредување на основното образование во Македонија (*Концепција за развој на образованието, Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование, Закон за основно образование, 2008*) се направија измени и во областа на оценувањето што означуваат доближување до американската образовна ситуација и залагање за реализација на истите приоритетни задачи во однос на оценувањето што веќе од поодамна се зацртани во официјалните документи и агенди за развој на образованието во САД.

| | **САД** | **МАКЕДОНИЈА** |
|---|---|---|
| *Начин на оценување* | описно и со букви | описно и бројчено |
| *Видови оценување* | континуирано<br>завршно | континуирано<br>завршно |
| *Завршно проверување на успехот и постигнувањата* | национални тестирања: IV и VIII одд.<br>државни тестирања: III до VIII одд. | интерно: во III одд.<br>екстерно: IV до IX одд. |
| *Повторување на одделение* | главно во повисоките одделенија | само за ученици од VII до IX одд. |

Иако оценувањето во двете земји традиционално се разликува во однос на скалата што се применува (во САД - буквена од А до F, во Македонија - бројчена од 5 до 1), сепак во самиот процес на оценување се согледуваат повеќе сличности:

- Во работата со помалите деца се остварува описно оценување. Притоа се користат чек-листи за оценување со кои се евидентира напредувањето на децата во однос на остварувањето на предвидените цели за секој од изучуваните предмети (знаења и способности), како и развиеноста на одделните социјални вештини.

- Оценувањето се остварува како континуирано и завршно. Основен инструмент на завршното оценување и во двете земји се тестовите, а значаен инструмент на континуираното оценување е портфолиото. Сепак, во македонските основни училишта портфолиото се применува во поново време и во него многу често отсуствуваат листите за самооценување од страна на учениците, што значи дека оваа форма на оценување се уште не наоѓа широка примена кај македонските основношколски наставници.
- Процесот на државно тестирање, кој во Македонија започна со воведувањето на државната матура, во текот на учебната 2008/09 год. се интензивира преку воведување систем за следење на напредокот и постигнувањата на учениците преку национални стандардизирани тестови: *интерно проверување* на крајот од трето одделение, кое го вршат наставниците во училиштето, и *екстерно проверување* на постигањата на учениците од четврто до деветто одделение, кое го организира и го спроведува Министерството за образование и наука и Државниот просветен инспекторат. Екстерните тестирања во извесна смисла кореспондираат со тестирањата што ги спроведува секоја држава во САД, а со кои се опфаќаат учениците од трето до осмо одделение, кои се тестираат по читање, математика и природни науки. И во двете земји државните тестирања претставуваат зголемен притисок врз наставникот, бидејќи во САД слабите резултати на учениците можат да значат и затворање на училиштето и губење работа, а во Македонија отстапките на оценките што ги дава наставникот од оние добиени со екстерното проверување на постигањата на учениците се санкционираат со намалување на платата, а во краен случај - и со губење на работата (Закон за основно образование, 2008).
- Наставниците им ги соопшуваат на родителите завршните оценки што учениците ги добиле по одделните наставни предмети во усна форма (родителски состаноци) и во писмена форма (извештаи, односно ученички книшки). Писмените известувања ги содржат приближно истите структурни компоненти што се оценуваат на различни скали на проценка: напредување на ученикот во однос на предвидените содржини, развиеност на способности, присуство на настава, поведение и развиеност на социјални вештини.

Американските и македонските основни училишта имаат сличности и во однос на другите аспекти на курикулумот:

- И во двете земји се остварува образовна инклузија на децата со посебни потреби, но во американските училишта овие ученици добиваат поголемо внимание и поддршка поради помалиот број ученици со кои работи наставникот во одделението и поради помошта што ја даваат родителите-волонтери.
- И во двете земји се обрнува внимание на талентираните ученици, со тоа што во американските основни училишта работата со нив е многу поорганизирана и поосмислена, а условите подобри (посебна настава во посебни училници, работа во мали групи, солидна техничка опременост, квалификуван наставен кадар за работа со талентирани ученици).
- И во двете земји се обрнува внимание на моралното однесување на децата, но во американските основни училишта тоа е санкционирано со обемен пишуван материјал (официјални документи што ги издава областа и/или училиштето, правила на однесување што ги составува наставникот) што е на располагање на учениците и нивните родители уште на почетокот на учебната година. Во македонските основни училишта градењето на пожелното однесување на учениците е, главно, препуштено на наставникот, на неговото индивидуално залагање и на соработката што ја остварува со родителите.

Извршената анализа овозможува идентификување и споредба на правците во кои се движи современото македонско и американско основно образование, како и на неговата организациска и програмска поставеност. Иако го сметаме за неприкосновено правилото за недозволиво „голо транспланирање" на туѓите образовни модели и искуства во домашен контекст, сепак, познавањето на другите е почетен чекор на унапредувањето на сопствениот воспитно-образовен систем. Оттука, познавањето на основното образование во САД е во функција на преиспитување на сопственото: запознавањето на американските приоритети и начини на училишно организирање заради нивно постигнување, дава можност да се споредиме каде сме ние, што сакаме да постигнеме и на кој начин тоа го правиме, а познавањето на американските основни училишта претставува драгоцено

искуство во напорите за унапредување на законската регулатива и воспитно-образовната работа во основните училишта во Република Македонија.

(Рецензент: *проф. Д-р Киро Камберски)*

## ЛИТЕРАТУРА

*American Competitiveness Initiative* (2006) Domestic Policy Council, Office of Science and Technology Policy.

CARBONDALE ELEMENTARY SCHOOL DISTRICT #95 (2006) *Student Code of Conduct*, 2006/2007. Parent/Student Handbook. Carbondale: CES #95.

ILLINOIS STATE BOARD OF EDUCATION (2006) *Illinois Early Learning Standards-Kindergarten.* Illinois State Board of Education: Division of Early Childhood Education. Draft.

ILLINOIS STATE BOARD OF EDUCATION. *Illinois Learning Standards.* November 30, 2008 from: http://www.isbe.state.il.us/ils/

ILLINOIS STATE BOARD OF EDUCATION (2005) *Criteria for Identification of Teachers as „Highly Qualified" in Various Circumstances* May 21, 2008 from: http://www.ieanea.org/hq.aspx

ILLINOIS STATE BOARD OF EDUCATION (2004) *Illinois Mathematics Assessment Framework* Grades 3-8. Illinois State Board of Education.

*Interactive Illinois Report Card*, Adequate Yearly Progress and Acoountability in Illinois. 18.05 2007 from: http://iirc.niu.edu/ayp.aspx?tsource=ayp&tsource2=aypcalc

*Lewis School. Student Handbook 2006/2007.* Carbondale Elemetary School District. June 12, 2008 from: www.ces95.jacksn.k12.il.us/

MEIER, D., WOOD, G. (Eds) (2004) *Many Children Left Behind.* Boston: Beacon Press.

МИОВСКА-СПАСЕВА, С. (2005) *Прагматистичката педагогија и основното образование.* Скопје: Селектор.

NATIONAL ASSOCIATION FOR SPORT AND PHYSICAL EDUCATION (2004) Moving Into The Future: National Standards for Physical Education. National Association for Sport.

NATIONAL COMMITTEE ON SCIENCE EDUCATION STANDARDS AND ASSESSMENT, National Research Council (1996) *National Science Education Standards,* Washington, DC: National Academy Press.

*Национална програма за развој на образованието во Република Македононија 2005-2015 со придружни програмски документи* (2006) Скопје: Министерство за образование и наука на Република Македонија.

NELSON, L.J., Carlson, K., Palomsky, S. (1996) *Critical Issues in Education: A Dialectic Approach.* New York: McGraw-Hill.

*Основно образование - содржини и организација на воспитно-образовната дејност* (1996). Скопје: Министерство за образование и физичка култура, Педагошки завод на Македонија.

Parrish Book Handbook (2006) Carbondale Elemetary School District. September 13, 2008 from: www.ces95.jacksn.k12.il.us/

SADKER POLLACK, M. SADKER MILLER, D. (1997). *Teachers, Schools, and Society.* New York:The McGraw-Hill Companies, Inc.

СТОЈАНОВСКИ, Т., ЧЕШЛАРОВ, М. (уред.) (2007) *Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование.* Скопје: Биро за развој на образованието.

TOZER,S.E., VIOLAS, P.C., SENESE, G.B. (1995) *School and Society: Historical and Contemporary Perspectives.* New York: McGraw-Hill, Inc.

Unity Point School Student/Parent Handbook 2006-2007. October 31, 2008 from: www.up140.jacksn.k12.il.us

U.S. Department of Education, National Center for Education Statistics, Common Core of Data (CCD), „National Public Education Financial Survey (NPEFS)," fiscal year 2006, Version 1a.

U.S. Department of Education, National Center for Education Statistics, Revenues and Expenditures for Public Elementary and Secondary Education, 1970-71 through 1986-87; and Common Core of Data (CCD), „National Public Education Financial Survey (NPEFS)," 1987-88 through 2004-05.

U.S. Department of Education, National Center for Education Statistics, Digest of Education Statistics, 2007. November, 28, 2008 from: http://nces.ed.gov/programs/digest/d05/

U.S. Department of Education, National Center for Education Statistics, Annual Reports Program.

US Department of Education, National Center for Education Statistics 2005. December, 12,2008 from: http://nces.ed.gov/fastfacts/display.asp?id=91

U.S. Department of Education, No Child Left Behind Act, 2001. December 5, 2008 from: http://www.ed.gov/policy/elsec/leg/esea02/index.html

U.S.Department of Education, OESE, Reading First, October 19, 2008 from : http://www.ed.gov/programs/readingfirst/index.html

U.S.Department of Education (2006) Office of the Secretary, *Answering the Challenge of a Changing World: Strengthening Education for the 21st Century.* Washington, D.C. June 5, 2008 from: http://www.ed.gov/about/inits/ed/competitiveness.

Закон за основното образование (2008) Скопје: *Службен весник на Република Македонија бр.103/2008.*

Suzana MIOVSKA-SPASEVA

# ELEMENTARY EDUCATION IN MACEDONIA AND THE US: Comparative Analysis of Aims, Organization and Curriculum

**Summary**

*The reform changes undergoing in Macedonian education have been emphasizing the need of closer view into the foreign educational systems. The article presents comparative analysis of the contemporary elementary education in Macedonia and the US as a country of the most influential educational system in the world. The main attention is focused on elaboration of three fundamental aspects of elementary education: principles, aims and priorities, organization of the school life and curriculum. The analysis of all these issues is based on statistical data, program documents, as well as author's personal observations.*

***Key words:*** *ELEMENTARY EDUCATION, AIMS OF EDUCATION, ORGANIZATION OF SCHOOL LIFE, CURRICULUM.*